РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

08-682/7

13.01.2025

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 19 седница одржана на 18.12.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Историја на уметност и археологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филозофски факултет Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Историја на уметност и археологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филозофски факултет Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по историја на уметност и археологија /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Science in History of Art and Archeology.

Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки и уметност Научно – истражувачко поле: 6.1 Историја со археологија, 6.4 Уметност (уметност, историја на уметност, изведувачка уметност, музика, Научно - истражувачко област: 6.01.02. АРХЕОЛОГИЈА, 6.01.02.01. Праисториска археологија, 6.01.02.04. Класична археологија, 6.01.02.06. Средновековна археологија, 6.01.02.07. Епиграфија, 6.01.02.08. Нумизматика, 6.01.02.09. Теорија и историја на археологија 6.01.02.14. Друго, 6.04.01 ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ, 6.04.01.01. Ранохристијанска уметност, 6.04.01.02. Средновековна западна уметност, 6.04.01.03. Средновековна византиска уметност, 6.04.01.04. Средновековна национална уметност, 6.04.01.06. Уметност на ренесансата, 6.04.01.07. Уметност на барокот, 6.04.01.08. Уметност на класицизмот, 6.04.01.09. Уметност на реализмот, 6.04.01.10. Уметност на XX век, 6.04.01.16. Друго, 6.01.01.04. Историја на средниот век, 6.01.01.16. Византологија.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Драги Митрески, проф. д-р Антонио Јакимовски, проф. д-р Вера Битракова, проф. д-р Виктор Лилчиќ – Адамс, проф. д-р Никоц Чаусидис, проф. д-р Анета Серафимовска, проф. д-р Елизабета Димитрова, проф. д-р Елица Манева, проф. д-р Снежана Филиповска, проф. д-р Татјана Филиповска, проф. д-р Ирена Теодора Весевска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-610/5 од 26.04.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Историја на уметност и археологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Филозофски факултет Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-332/27 од 05.09.2024 година (наш бр. 08 - 682/1 од 13.09.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 12-та седницата одржана на 27.09.2024 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 682/6 од 24.12.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 19-та седница одржана на 18.12.2024 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски